# Записник од 24-тата Седница на Совет на Општина Берово

Одделение за правни и општи работи

Одделение за правни и општи работи
Општина Берово

**З А П И С Н И К**

***Од 24-тата редовна седница на Советот на Општина Берово одржана на ден 13.9.2019 година во салата за состаноци на Општина Берово со почеток во 9:05 часот.***

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Берово, Јован Матеничарски.

Од вкупно 15 советници на седницата присуствуваа 14 советници и тоа: Јован Матеничарски, Славица Фурнаџиска, Предраг Монев, Драган Мустачки, Гоце Ружински, Даниела Крждовска, Благица Русковска, Фахрудин Мустафов, Емилија Пачемска, Јован Ковачовски, Герасим Гриовски, Горан Фидански Влатко Буровски и Александар Чамовски, оптавдано отсутна беше Јованка Василевска Петрушева.

На седницата присуствуваа раководителот на одделението за општи и правни работи Анита Рунтевски, Советникот во одделението за општи и правни работи Емилија Ваканска и Соработникот за односи со јавност во Одделение за јавни дејности, Биљана Каламадевска-како записничар а повикана присутна на седницата беша и Татјанка Муртовска-Советник во одделението за финансиски прашања.

Претседателот на Совет на Општина Берово, Јован Матеничарски, за работа на 24-та Седница на Совет го предложи следниот:

**ПРЕДЛОГ ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Записник од 22-та Седница на Совет на Општина Берово;
2. Барање согласност за комбинирање на паралелки во ООУ "Дедо Ијо Малешевски" Берово - Подрачно училишта с.Митрашинци за учебната 2019 – 2020 година;
3. Годишен Извештај за работа на ООУ "Дедо Ијо Малешевски" Берово за учебната 2018/2019 година;
4. Годишна Програма на ООУ "Дедо Ијо Малешевски" Берово за учебната 2019/2020 година;
5. Предлог одлука за разрешување на член на училишен одбор при ООУ "Дедо Ијо Малешевски" Берово;
6. Годишна Програма на ООУ "Никола Петров Русински" с.Русиново, Берово за учебната 2019/2020 година;
7. Предлог одлука за разрешување на член на училишен одбор при ООУ "Никола Петров Русински" с.Русиново, Берово;
8. Годишен Извештај за работа на ОЈУДГ "23 Август" Берово за учебната 2018/2019 година;
9. Годишна Програма на ОЈУДГ "23 Август" Берово за учебната 2019/2020 година;
10. Годишен Извештај за работа на ОСУ "Ацо Русковски" Берово за учебната 2018/2019 година;
11. Годишна Програма за работа на ОСУ "Ацо Русковски" Берово за учебната 2019/2020 година;
12. Одлука на Управен одбор на ЈПКР "Услуга" Берово за собирање смет во Туристичките населби Беровско Езеро и Абланица;

13. Одлука на Управен одбор на ЈПКР "Услуга" Берово за собирање смет во Туристичка населба Суви Лаки, општина Берово;
14. Одлука на Управен одбор на ЈПКР "Услуга" Берово за собирање смет во с.Двориште, општина Берово;
15. Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на членови на Управниот одбор на ЈПКР „Услуга" Берово;
16. Р Е Ш Е Н И Е за именување на членови на Управниот одбор на ЈПКР „Услуга" Берово;
17. Одлука за давање на користење на движна ствар - Универзален ровокопач на ЈПКР "Услуга" Берово;
18. О Д Л У К А за пренесување во сопственост и владение на движна ствар – специјално возило за собирање на отпад на ЈПКР "Услуга" Берово;
19. Предлог Развојна Програма за заштита на жителите од една планина долж две реки;
20. Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Берово К1 за втор квартал 2019 година;
21. Одлука за усогласување на намените на "Урбанистички план за село Ратево" во однос на легализацијата на објекти надвор од дефинираниот опфат на планот на КП 4959 КО Ратево, локалитет Сливница, по барање на Весела Аспровска;
22. Барања од институции и граѓани;
23. Советнички иницијативи и прашања.

Притоа предложи проширување на дневниот ред за следниве точки :

Како точка со реден број

22.Одлука за донесување на Стратегија за родова еднаквост 2020 – 2022;

23.Одлука за донесување на Акциски план за имплементација на стратегија за родова еднаквост 2020- 2022;

24.О Д Л У К А за престанок и давање на времено користење без надомест на недвижни ствари - простории во зграда на објект – поранешен Партизан Берово на ЈПКР Услуга Берово, и точките 22 и 23 да бидат поместени:

Како точка со реден број. 25. Барања од институции и граѓани; и

26. Советнички иницијативи и прашања.

Претседателот на Совет на Општина Берово, го стави на гласање проширувањето на дневниот ред и со **14 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, нема воздржани Советници** е усвоен предлогот на Претседателот на совет за проширување на дневниот ред. Потоа го стави на гласање целокупниот дневен ред и со **14 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, нема ВОЗДРЖАНИ Советници,** за работа на 24-тата Седница на Совет на Општина Берово е усвоен следниот :

**Дневен ред**

1. Усвојување Записник од 22-та Седница на Совет на Општина Берово;
2. З А К Л У Ч О К за давање на согласност за формирање на паралелки со помалку од 24 ученика за учебната 2019/2020 година на ООУ "Дедо Иљо Малешевски" Берово

3. Годишен Извештај за работа на ООУ “Дедо Иљо Малешевски” Берово за учебната 2018/2019 година; **09-3280/1**
4. Заклучок за усвојување на Годишна Програма на ООУ “Дедо Иљо Малешевски” Берово за учебната 2019/2020 година;
5. Одлука за разрешување на член на училишен одбор при ООУ “Дедо Иљо Малешевски” Берово;
6. Заклучок за усвојување на Годишна Програма на ООУ “Никола Петров Русински” с.Русиново, Берово за учебната 2019/2020 година;
7. одлука за разрешување на член на училишен одбор при ООУ “Никола Петров Русински” с.Русиново, Берово;
8. Годишен Извештај за работа на ОЈУДГ “23 Август” Берово за учебната 2018/2019 година;
9. Годишна Програма на ОЈУДГ “23 Август” Берово за учебната 2019/2020 година;
10. Годишен Извештај за работа на ОСУ “Ацо Русковски” Берово за учебната 2018/2019 година;
11. Годишна Програма за работа на ОСУ “Ацо Русковски” Берово за учебната 2019/2020 година;
12. Одлука на Управен одбор на ЈПКР “Услуга” Берово за собирање смет во Туристичките населби Беровско Езеро и Абланица;
13. Одлука на Управен одбор на ЈПКР “Услуга” Берово за собирање смет во Туристичка населба Суви Лаки, општина Берово;
14. Одлука на Управен одбор на ЈПКР “Услуга” Берово за собирање смет во с.Двориште, општина Берово;
15. Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на членови на Управниот одбор на ЈПКР „Услуга“ Берово;
16. Р Е Ш Е Н И Е за именување на членови на Управниот одбор на ЈПКР „Услуга“ Берово;
17. Одлука за давање на користење на движна ствар - Универзален ровокопач на ЈПКР “Услуга” Берово;
18. О Д Л У К А за пренесување во сопственост и владение на движна ствар – специјално возило за собирање на отпад на ЈПКР “Услуга” Берово;
19. Развојна Програма за заштита на жителите од една планина долж две реки;
20. Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Берово К1 за втор квартал 2019 година;
21. Одлука за усогласување на намените на “Урбанистички план за село Ратево” во однос на легализацијата на објекти надвор од дефинираниот опфат на планот на КП 4959 КО Ратево, локалитет Сливница, по барање на Весела Аспровска;
22. Одлука за донесување на Стратегија за родова еднаквост 2020 – 2022;
23. Одлука за донесување на Акциски план за имплементација на стратегија за родова еднаквост 2020- 2022;
24. О Д Л У К А за престанок и давање на времено користење без надомест на недвижни ствари - простории во зграда на објект – поранешен Партизан Берово на ЈПКР Услуга Берово;
25. Барања од институции и граѓани;
26. Советнички иницијативи и прашања.

***1. Усвојување на Записник од 22-та Седница на Совет на Општина Берово;***

Претседателот на Совет на Општина Берово, Јован Матеничарски, отвори дискусија по прредложената точка. Никој од Советниците не се јави за збор. Претседателот го стави на гласање Записникот од 22 Седница на Совет и со **14 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоен *Записникот од 22-та Седница на Совет на Општина Берово.*

***2. З А К Л У Ч О К за давање на согласност за формирање на паралелки со помалку од 24 ученика за учебната 2019/2020 година на ООУ "Дедо Иљо Малешевски" Берово***

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка. За збор се јави Советничката Славица Фурнаџиска, која во име на Претседателот на комисијата за јавни дејности кој е оправдано отсутен од седницата, истакнува дека е разгледан предлогот на комисија и комисијата нема забелешки. За збор се јавува Советникот Драган Мустачки, кој истакнува дека и од Советничката група на ВМРО –ДПМНЕ имало претставници и тие немаат забелешки. Пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоен *З А К Л У Ч О К за давање на согласност за формирање на паралелки со помалку од 24 ученика за учебната 2019/2020 година на ООУ "Дедо Иљо Малешевски" Берово.*

***3. Годишен Извештај за работа на ООУ "Дедо Иљо Малешевски" Берово за учебната 2018/2019 година; 09-3280/1***

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка. За збор се јави Советничката Славица Фурнаџиска, која истакнува дека во делот на капитални инвестиции е ставено промена на подот во с. Двориште и предлага истиот да се стави во приоритети при реализацијата. Пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоен *Годишен Извештај за работа на ООУ "Дедо Иљо Малешевски" Берово за учебната 2018/2019 година; 09-3280/1.*

***4. Годишна Програма на ООУ "Дедо Иљо Малешевски" Берово за учебната 2019/2020 година;***

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка. Никој не се јави за збор, пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоен *Заклучок за усвојување на Годишна Програма на ООУ "Дедо Иљо Малешевски" Берово за учебната 2019/2020 година.*

***5. Предлог Одлука за разрешување на член на училишен одбор при ООУ "Дедо Иљо Малешевски" Берово;***

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка. За збор се јави Советничката Славица Фурнаџиска, која како член на комисија во отсуство на претседателот на комисијата истакнува дека точката е ставена по барање на училиштето а согласно измена на Законот за образование и потребно е да биде разрешен еден член кој е именуван од страна на Советот. Предлог на советничката група на СДСМ е да биде разрешена од член на управен одбор при ООУ "Дедо Иљо Малешевски" Берово, Марија Младеновиќ Распашковска. Претседателот прашува дали има друг предлог и констатира дека нема друг предлог па со **14**

**гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоено *разрешување на Марија Младеновиќ Распашковска.*

***6. Годишна Програма на ООУ "Никола Петров Русински" с.Русиново, Берово за учебната 2019/2020 година;***

Претседателот отвори дискусија по предложената точка и бидејќи никој не се јави за збор ја стави на гласање *Годишна Програма на ООУ "Никола Петров Русински" с.Русиново, Берово за учебната 2019/2020 година,* која е усвоена со **14 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена.

***7. Одлука за разрешување на член на училишен одбор при ООУ "Никола Петров Русински" с.Русиново, Берово;***

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка. За збор се јави Советничката Славица Фурнаџиска, која предлага да биде разрешена од член на управен одбор, Валентина Белчовска. Со **14 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоен предлогот на советничката Славица Фурнаџиска.

***8. Годишен Извештај за работа на ОЈУДГ "23 Август" Берово за учебната 2018/2019 година;***

Претседателот на Совет, отвори дискусија по предложената точка. Истакнато е дека е разгледано на комисија и комисијата нема забелешки. Пристапено е кон гласање. Со **14 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоен *Годишен Извештај за работа на ОЈУДГ "23 Август" Берово за учебната 2018/2019 година.*

***9. Годишна Програма на ОЈУДГ "23 Август" Берово за учебната 2019/2020 година;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка. Бидејќи никој не се јави за збор, пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Годишна Програма на ОЈУДГ "23 Август" Берово за учебната 2019/2020 година.*

***10. Годишен Извештај за работа на ОСУ "Ацо Русковски" Берово за учебната 2018/2019 година;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка. Бидејќи никој не се јави за збор, пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоен *Годишен Извештај за работа на ОСУ "Ацо Русковски" Берово за учебната 2018/2019 година.*

***11. Годишна Програма за работа на ОСУ "Ацо Русковски" Берово за учебната 2019/2020 година;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка. Бидејќи никој не се јави за збор, пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Годишна Програма за работа на ОСУ "Ацо Русковски" Берово за учебната 2019/2020 година.*

***12. Одлука на Управен одбор на ЈПКР "Услуга" Берово за собирање смет во Туристичките населби Беровско Езеро и Абланица;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка. Бидејќи никој не се јави за збор, пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Одлука на Управен одбор на ЈПКР "Услуга" Берово за собирање смет во Туристичките населби Беровско Езеро и Абланица.*

***13. Одлука на Управен одбор на ЈПКР "Услуга" Берово за собирање смет во Туристичка населба Суви Лаки, општина Берово;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка. Бидејќи никој не се јави за збор, пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Одлука на Управен одбор на ЈПКР "Услуга" Берово за собирање смет во Туристичка населба Суви Лаки, општина Берово*.

***14. Заклучок за усвојување на Одлука на Управен одбор на ЈПКР "Услуга" Берово за собирање смет во с.Двориште, општина Берово;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка. Бидејќи никој не се јави за збор, пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоен *Заклучок за усвојување на Одлука на Управен одбор на ЈПКР "Услуга" Берово за собирање смет во с.Двориште, општина Берово*.

***15. Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на членови на Управниот одбор на ЈПКР „Услуга" Берово;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка. Бидејќи никој не се јави за збор, пристапено е кон гласање и со **8 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, 6 ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоено *Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на членови на Управниот одбор на ЈПКР „Услуга" Берово.*

***16. Р Е Ш Е Н И Е за именување на членови на Управниот одбор на ЈПКР „Услуга" Берово;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка. За збор се јави Советничката Славица Фурнаџиска, која дава предлог за нови членови на Управен одбор на ЈПКР „Услуга" Берово:

-Тони Кацарски
-Дајан Пецовски
-Душка Паговска
-Марија Умленска
-Тања Брашнарска Сирачевска
Бидејќи никој друг не се јави за збор, пристапено е кон гласање и со **8 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, 6 ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоено *Р Е Ш Е Н И Е за именување на членови на Управниот одбор на ЈПКР „Услуга" Берово.*

***17. Одлука за давање на користење на движна ствар - Универзален ровокопач на ЈПКР "Услуга" Берово;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка. Бидејќи никој не се јави за збор, пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Одлука за давање на користење на движна ствар - Универзален ровокопач на ЈПКР "Услуга" Берово.*

***18. О Д Л У К А за пренесување во сопственост и владение на движна ствар – специјално возило за собирање на отпад на ЈПКР "Услуга" Берово;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка. Бидејќи никој не се јави за збор, пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *О Д Л У К А за пренесување во сопственост и владение на движна ствар – специјално возило за собирање на отпад на ЈПКР "Услуга" Берово.*

***19. Предлог Развојна Програма за заштита на жителите од една планина долж две реки;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка. Бидејќи никој не се јави за збор, пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Развојна Програма за заштита на жителите од една планина долж две реки.*

***20. Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Берово К1 за втор квартал 2019 година;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка. Повикана е Муртовска да појасни што е она што се менува во извештајот, која појаснува дека се работи за техничка грешка. Пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоен *Квартален Извештај за извршување на Буџетот на Општина Берово К1 за втор квартал 2019 година.*

***21. Одлука за усогласување на намените на "Урбанистички план за село Ратево" во однос на легализацијата на објекти надвор од дефинираниот опфат на планот на КП 4959 КО Ратево, локалитет Сливница, по барање на Весела Аспровска;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка. Бидејќи никој не се јави за збор, пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Одлука за усогласување на намените на "Урбанистички план за село Ратево" во однос на легализацијата на објекти надвор од дефинираниот опфат на планот на КП 4959 КО Ратево, локалитет Сливница, по барање на Весела Аспровска.*

***22. Предлог Стратегија за родова еднаквост 2020 – 2022;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка. За збор се јави Советничката Емилија Пачемска која Претседател на комисијата за еднакви можности појаснува дека на оваа стратегија е работено заедно со Пехчево и Делчево и дека се изработени стратегија и акциски план. Истите се презентирани на јавна презентација на која биле

поканети советниците, меѓутоа не присуствувале, посебно потенцира. Ќе се работи во 4 области на делување, секој проект ќе си има средства со различни донатори а на проекти ќе може да се аплицира после спроведени неколку активности. Овие документи се од посебна важност за граѓаните на општина Берово.

За збор се јави Советничката Славица Фурнаџиска, која истакнува дека секое едно донесување на стратегија како документ е придобивка за општината и истакнува благодарност до сите кои биле ангажирани за донесување на еден ваков стратешки документ. Претседателот на Совет се извинува што не бил присутен на презентацијата на стратегијата за родова еднаквост.

Пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *Стратегија за родова еднаквост 2020 – 2022.*

***23. Акциски план за имплементација на стратегија за родова еднаквост 2020- 2022;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка. За збор се јави Советничката Емилија Пачемска која појаснува дека врз основа на стратегијата е изработен и акциски план и во него се гледа потребата од средства. Претседателот го стави на гласање *Акциски план за имплементација на стратегија за родова еднаквост 2020- 2022,* кој едногласно со **14 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоен.

***24. О Д Л У К А за престанок и давање на времено користење без надомест на недвижни ствари - простории во зграда на објект – поранешен Партизан Берово на ЈПКР Услуга Берово;***

Претседателот на Совет отвори дискусија по предложената точка. Истакнато е дека се работи за преотстапување со цел да се преместат канцалариииите на ЈПКР Услуга Берово. Пристапено е кон гласање и со **14 гласа ЗА, НЕМА Советници кои гласале ПРОТИВ, НЕМА ВОЗДРЖАНИ Советници** е усвоена *О Д Л У К А за престанок и давање на времено користење без надомест на недвижни ствари - простории во зграда на објект – поранешен Партизан Берово на ЈПКР Услуга Берово.*

***25. Барања од институции и граѓани;***

- На барање за финансиска поддршка од Зоран Прачковски, Советот донесе решение за исплата на 10.000,00 денари од Буџетот на Општина Берово за 2019 година
- На барање од жители од с. Русиново од ул„Моша Пијаде", Советот донесе заклучок, Стручните служби при Одделението за комунални дејности и заштита на животна средина на Општина Берово, да излезат на лице место на ул.„Моша Пијаде" во с. Русиново, да ја констатираат фактичката состојбата и да го задолжат ЈПКР„Услуга"-Берово да ги санира штетите и да ја врати улицата во првобитната состојба.
- На барање од Кристијан Димовски за финансиска поддршка, Советот донесе Решение за исплата на 10.000,00 денари за афирмација на Општина Берово во меѓународни рамки, за припрема за сценски настап на телевизиско шоу „ЗВЕЗДЕ ГРАНДА".

***26. Советнички иницијативи и прашања.***

- ***Иницијатива од Советникот Емилија Пачемска -*** Согласно предходните кажувања на Градоначалникот, дека примерок од водата за пиење е испратен во овластена лабараторија во Скопје заради испитување на присуство на ураниум во истата, барам Извештајот од извршените испитувања веднаш по неговото доставување да биде проследен до Советот на општина Берово, за наше запознавање.
- **Во врска со претходно поднесена иницијатива од советничката група н ВМРО-ДПМНЕ**, за ослободување на семејствата на бранителите, жители на општина Берово од одредени даноци и такси, Советот донесе Заклучок Одделението за финансиски прашања при Општина Берово, да направи пресметка по доставен список од ПС од ОН-Берово, колку ќе биде трошокот на годишно ниво, доколку наведените лица по список се ослободат од данок на имот и истата да се достави до Советот на Општина Берово за понатамошно проследување
- **СОВЕТНИЧКО ПРАШАЊЕ ОД Советникот Предраг Монев -** Во врска со остранување на дрво во централно градско подрачје- На 22-рата Седница на Совет на Општина Берово, покрената е иницијатива од Советникот Предраг Монев, да се достави до Советот на Општина Берово Записникот од Комисијата за формирање на работно тело за процена на состојбата на парковските дрва и дрва на јавна површина, како би можеле да се видат причините за отстранување на дрвото на градскиот плоштад во Берово.

  Прашање до Градоначалникот на Општина Берово :Зошто до денес сеуште не е постапено по иницијативата од Советникот Предраг Монев со бр. 09-3022/1 од 22.08.2019 година?
- **СОВЕТНИЧКО ПРАШАЊЕ ОД Советникот Благица Русковска**- Советничката Благица Русковска упатува Советничко прашање до Градоначалникот на општина Берово, во врска со мостот кај сточниот пазар во Берово, дали е предвидена негова санација во проектот со кој се реконструира Кеј на река Брегалница и кога ќе биде саниран?

Дневниот ред беше исцрпен , Седницата заврши во 10:30 часот

Усвоен со
Бр.____________
______________ година
Берово

*Записничар,*
*Биљана Каламадевска*
__________________
(*потпис)*

М.П.

*Претседател на Совет,*
*Јован Матеничарски*
________________
*(потпис)*